Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" број 27/2014, 199/2014 и 27/2016), член 19 алинеја 13 и член 26 од Законот за електронските комуникации (" Службен весник на Република Македонија" број 39/2014, 188/14 и 44/2015) и член 15 точка в) алинеја 2 од Статутот на Агенцијата за електронски комуникации , Комисијата како орган на Агенцијата за електронски комуникации на состанокот одржан на ден 23.05.2017 година, донесе:

# ПРАВИЛНИК

## за изменување на Правилникот за систематизација на работните места на Агенцијата за електронски комуникации

### Член 1

Во Правилникот за систематизација на работните места на Агенцијата за електронски комуникации, број 1102-14/6 од 12.06.2015 година, во делот опис на работните места во точка 1 потточка 1.7 Советник на Директорот за човечки ресурси и меѓународна соработка, во табелата , во редот Вид на образование зборот економски науки се заменува со зборот машинство.

### Член 2

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото објавување на огласната табла на Агенцијата, а по претходна добиена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Овој правилник е објавен на огласната табла на ден 25.05.2017 година.

Наш број, 0101-1624/1
Скопје, 23.05.2017 година

Комисија на Агенција за електронски комуникации

Гордана Клинчарова, претседател

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
СКОПЈЕ
1